# Изложба „Мал формат“

Во ликовната галерија од ЦК„Марко Цепенков“ е отворена изложба на дела „Мал формат“.(24.7 до 1.8.2018).

На изложбата, што ја отворија Викторија Димеска, историчар по уметност и Христијан Санев, претседател на ДЛУМ, претставени се 45 дела – слики и скулптури, од исто толку уметници – членови на ДЛУМ, меѓу кои и две дела од прилепските автори Кирил Гегоски и Драган Верговски – Алпи.

{AG}mformat{/AG}

Според Димеска, која го презентираше историјатот на Друштвото, творештвото на ДЛУМ е со богат опус и нуди широк избор на дела од многубројни уметници.
 Санев ја потенцираше соработката со Центарот и посочи дека „малиот формат“ е интересна манифестација за уметниците.

"Малиот формат како творечки предизвик претставува честа дневна практика на сликарите и скулпторите во ситната пластика. Магијата на „малиот квадрат“ во површина 25x25, сеуште претставува искушение и за најголемите мајстори на четката и бојата.